ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 787

01 2018 03 08/2

Скопје, февруари 2019 година

# СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 29 |
| Финансиски извештаи за 2017 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 30 |
| Биланс на состојба | 31 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 32 |
| - Сметководствени политики | 32 - 33 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 34 - 39 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Преглед на склучени договори за користење на електронскиот шалтер со состојба 31.12.2017 година | |
| Прилог 2 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 3 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Кратенки користени во извештајот:

ЗКН – Закон за катастар на недвижности
ЗЈН – Закон за јавните набавки
РМ – Република Македонија
МФ – Министерство за финансии
ГКИС – Геодетско – катастарски информационен систем
МАКПОС – Македонски позиционен систем

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
СКОПЈЕ

Примено: 05 MAR 2019

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0304- | 655/10 | | |

Архивски знак: ___
Рок на чување: ___ год.
___ 20__ година
Скопје

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-39/9
Дата: 01.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст Агенцијата) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Агенцијата за 2017 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година и изразено е позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека една препорака е спроведена, а една препорака е делумно спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- воспоставениот начин на функционирање на електронскиот шалтер во Агенцијата доведува до неможност за вршење на контрола на вредноста на средствата кои треба да се наплатат со вредноста на уплатените средства за

решените предмети, како и можност да се издаваат повеќе примероци од бараниот податок, иако надоместокот се плаќа за еден примерок од бараниот податок,

- во дел од предметите за извршени катастарски услуги не се почитуваат интерните процедури за постапување по истите,
- Агенцијата има доставено опомени пред тужба до општините, но нема преземено мерки и активности за наплата на доставените фактури односно не е искористена извршната клаузула од договорите за наплата на доставените фактури,
- приходот од извршени катастарски услуги наплатен преку ПОС терминали од страна на деловната банка се уплатува на сметката на Агенцијата во збирно, односно не се одвојува согласно уплатениот надоместок за поднесено барање за издавање на податокот или поднесена пријава за запишување на промени во катастарот на недвижности,
- не е обезбеден доказ за утврдување на висината на надоместокот за сите спроведени обуки од страна на Агенцијата, како и наплата само на дел од слушателите на обуката,
- во текот на 2017 година Агенцијата ангажирала 51 лице со договор за дело, за вршење работи и работни задачи од дејноста на договорниот орган,
- не се склучени договори со вработените кои учествувале во образовните обуки и обуките за стручно усовршување за информатички технологии,
- вредноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорите во 17 случаи е утврдена врз основа на вредноста на склучениот договор без ДДВ,
- утврден е критериум во спроведување на постапка за јавна набавка кој не е пропорционален и директно поврзан со предметот на договорот за јавна набавка,
- во дел од тендерските документации при спроведување на постапките за јавни набавки не се наведени сите неопходни информации, врз основа на кои економскиот оператор ќе може да достави понуда согласно која ќе се склучи предметниот договор,
- при реализацијата на договорот за годишно одржување на МАКПОС системот извршена и платена е услуга која не е побарана од договорниот орган како ставка во урнек понудата, како и платена е фактура за годишно одржување во рок од пет месеци од склучувањето на договорот,
- не е обезбедена целосна документација за извршени интервенции во сите компоненти на превентивно одржување на Македит –софтверот, како и не е приложен финален извештај за реализација на договорот,
- шест договори за превентивно одржување се склучени во вредност која ја надминува законски утврдената граница од 20% од вкупната вредност на договорот за јавна набавка на услуга за изработка на софтверското решение за потребите на договорниот орган и вредноста на адаптивното одржување,

- Агенцијата не располага со целосна документација со која ќе се потврди дека носителот на набавката ги извршил работите дефинирани во договорот за набавка на услуга за одржување на ГИС Портал.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се состојби кои се однесуваат на:

- дел од финансиската документација (налози за службени патувања и каса исплати) во врска со извршени службени патувања во странство за тројца вработени, не беше доставена на увид од причина што истите се предадени на Управата за финансиска полиција за службени потреби и
- прифатените корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Од страна на овластеното лице на Агенцијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека најголем број претставуваат известување за констатираните состојби во Нацрт извештајот, додека три забелешки делумно се прифаќаат и една забелешка не се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 30 и 31 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за катастар на недвижности на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година и изразено е позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенцијата за катастар на недвижности застапувано од:

- Славче Трпески, претходен директор од 12.05.2012 до 03.08.2017 година,
- Борис Тунџев, директор од 03.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во РМ и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.07.2018 година до 16.11.2018 година кај Агенцијата за катастар на недвижности, на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2017 година, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Љубица Тошевска, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Билјана Стојановска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Ведран Јовановски, ревизор и овластен државен ревизор;
- Наташа Нинеска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Станислава Ѓошевска, помлад ревизор и
- Лирим Емини, помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година, број 11-50/8 од 28.02.2014 година и издаден е преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека една препорака е спроведена, а една препорака е делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 27.12.2018 година.

Од страна на овластеното лице на Агенцијата добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-39/2 од 14.01.2019 година, истите се разгледани и утврдено е дека десет забелешки преставуваат известување за констатираните состојби во Нацрт извештајот, три забелешки делумно се прифаќаат и една забелешка не се прифаќа. Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

**Процес на наплата на приходите од катастарски услуги**

4.1.1. Со цел обезбедување навремени и квалитетни услуги за корисниците, Агенцијата има донесено процедури/постапки за извршување на работните активности во процесот на наплата на приходите од катастарски услуги. Од извршеното снимање на функционирањето на воспоставените контроли во

процесот на наплата на приходите од катастарски услуги (детално образложено во точка 4.2.1. во овој Извештај), ревизијата утврди дека во процедурите не се утврдени контролни механизми од страна на раководителот на Центар за катастар на недвижности Скопје/одделението за катастар на недвижности во делот на решавањето на предметите, односно референтите сами одлучуваат и се одговорни по постапување на предметот.

Наведената состојба не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик воспоставените контроли да не обезбедат доволно ниво на сигурност за да спречат ризик од извршување на услугите согласно постапките во електронскиот катастар.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за дополнување на интерните процедури со контроли во процесот на извршување на катастарските услуги.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во текот на 2017 година Агенцијата остварила приходи по основ на наплата на надоместоци за користење и увид во податоците од ГКИС[1], запишување права во катастарот, издавање на имотни листи, потврди и други услуги, во вкупен износ од 338.090 илјади денари. Надоместоците кои Агенцијата ги наплатува за услугите од катастарот на недвижности се утврдени со тарифници[2] донесени од Управниот одбор на Агенцијата, за кои Владата на РМ има дадено согласност.

Заради целосна наплата на надоместоците, навременост и законитост при запишување на правата во катастарот, а со цел еднакво постапување при давањето на услугите на целата територија на РМ, почнувајќи од 2010 година

[1] ГКИС содржи просторни и описни податоци од катастарот на недвижности, основните геодетски работи, премерот на недвижностите, државната граница, геодетските работи за посебни намени, за вредноста на недвижностите, топографските карти, Регистарот за просторни единици, Регистарот на цени и закупнини, Графичкиот регистар за улици и кућни броеви и Графичкиот регистар за градежно земјиште.

[2] Тарифник за висината на надоместокот за користење и увид во податоците од ГКИС, Службен Весник на РМ број 116/14, 1/15, 42/16 и 179/17; Тарифник за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности Службен весник на РМ број 01/15, 98/15 и 179/17; Тарифник за висината на надоместокот за заверка на геодетски елаборати за извршени геодетски работи, Службен весник на РМ број Сл. Весник на РМ 153/2009; Тарифник за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, Службен весник на РМ број 116/14 и 94/15

од страна на Агенцијата воспоставен е електронски шалтер[3] за доставување на пријави за промена во ГКИС и барања за издавање на податоци од ГКИС од страна на корисниците на услугите. За таа цел Агенцијата има донесено пишани процедури и правилници за начинот на реализација на услугите, како и упатства согласно кои вработените, како внатрешни корисници во Агенцијата и професионалните корисници како надворешни корисници постапуваат при извршување на катастарските услуги преку електронскиот катастар.

Имено, професионални корисници на електронскиот катастар се сите државни органи, јавни служби и други правни лица (општини, извршители, нотари, проценители, приватни геодетски фирми) кои имаат склучено договор со Агенцијата за користење на електронскиот шалтер на Агенцијата, кои податоците ги добиваат во електронска форма потпишана од Агенцијата, врз основа на сертификат издаден од овластен издавач, а на крајните корисници им ги издаваат во писмена форма заверена со сопствен потпис и печат. Агенцијата заклучно со 31.12.2017 година има склучено вкупно 789 договори со професионални корисници за користење на електронскиот шалтер, подетално прикажани во Прилог 1.

Агенцијата врши поголем број на услуги за потребите на граѓаните и институциите, користејќи ги податоците од ГКИС, кои по видови на услуги за решените предмети во 2017 година, детално се прикажани во графиконот подолу:

[3] Електронскиот шалтер е информационен систем составен од техничка опрема (сервери и други хардверски уреди, комуникациска опрема), мрежи и бази на податоци и софтверски програми како единствен централен систем на поврзување на корисниците.




Во насока на потврдување на регуларноста и целосноста на остварените приходи од катастарски услуги, со ревизијата извршивме избор на примерок од решените предмети во 2017 година добиени од Агенцијата[4] и спроведовме детални тестирања на 300 предмети од различен вид на услуги, кои имаат најголем процент во вкупно решените предмети во 2017 година, детално прикажано во графиконот подолу:

[4] Сектор за информатички и комуникациски технологии, состојба на ден 20.09.2018 година




- **Електронски шалтер**

Од извршениот увид во начинот на функционирање на електронскиот шалтер на Агенцијата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- електронскиот шалтер дозволува различен пристап во постапувањето со барањата поднесени на физичките шалтери на Агенцијата, барањата поднесени од страна на нотарите и извршителите како професионални корисници и од страна на општините[5], МФ - Управа за имотно правни работи и другите државни институции и тоа:
  - вработените лица во Агенцијата, како внатрешните корисници на системот, при генерирање на нов предмет во електронскиот шалтер треба да ја одберат услугата која ќе се извршува, која е поврзана со вредноста на услугата согласно тарифниците кои се

[5] Агенцијата наплатата од општините во 2017 година, согласно склучените договори за користење на електронскиот катастар ја врши преку доставување на месечна фактура за извршени катастарски услуги

на сила. При тоа системот дозволува да не се внесе вредноста која треба да се наплати, а да се внесе скенирана уплатница од извршената уплата, поради што во системот и покрај тоа што има доказ за извршената уплата, стои податок дека за оваа услуга не е платено,

- o за професионалните корисници - нотари и извршители кои плаќаат преку виртуелен пос терминал, изборот на услугите од ценовникот и плаќањето е задолжително, при што за поднесените барања во електронскиот шалтер Агенцијата располага за податок дека истото е наплатено,
- o за општините, МФ - Управа за имотно правни работи и другите државни институции, како професионални корисници кои не плаќаат преку виртуелен пос терминал, изборот на услугите кои ќе се извршуваат во електронскиот шалтер е задолжителен, при што се генерира потврда за плаќање на услугата, иако услугата не е платена.

По доставување на Нацрт извештајот од страна на одговорното лице на Агенцијата доставено е известување дека на ден 23.12.2018 година Агенцијата извршила надградба на електронскиот шалтер со која за професионалните корисници, кои не плаќаат преку виртуелен пос терминал, нема да се генерира потврда за плаќање на услугата.

Поради ваквиот начин на функционирање на системот не постојат целосни податоци за: вредноста на услугите која треба да се наплати; вредноста на извршени и наплатени услуги, како и вредноста на извршени, а ненаплатени услуги, освен за услугите кои ги вршат нотарите и извршителите. Наведеното доведува до неможност за вршење на контрола на вредноста на средствата кои треба да се наплатат со вредноста на уплатените средства за решените предмети како ни со вкупно наплатените средства од сметководствената евиденција на Агенцијата,

- во електронскиот шалтер не е предвидена можност завршените предмети кои се отворени од страна на вработените лица во Агенцијата, да се заклучат, односно постои можност да се издаваат повеќе примероци од бараниот податок, иако надоместокот се плаќа за еден примерок од бараниот податок.

Кај професионалните корисници, откако системот ќе ја генерира потврдата за издавање на податокот предметот автоматски се заклучува, односно корисникот не може да издаде уште еден примерок од решениот предмет, туку ќе треба повторно да се отвори нов предмет за бараната услуга. Согласно склучените договори за користење на електронскиот шалтер, добиените податоци треба да ги испечатат во писмена форма, да ги заверат со сопствен потпис и печат и да ги

достават до крајните корисници, единствено во еден примерок. Истакнуваме дека Агенцијата нема воспоставена контрола на професионалните корисници во делот на користењето на електронскиот шалтер, што создава ризик од можност надворешните корисници да издаваат податоци во повеќе примероци.

➢ **Детални тестирања на предмети за извршени катастарски услуги**

Од извршениот увид на целокупната расположлива документација во врска со избраните предмети за извршени катастарски услуги, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- согласно интерната процедура[6] при постапување со предметите за издавање на извод од катастарски план, фотокопија од скица на премерување на внатрешна површина на зграда, посебен дел или заеднички дел од зграда или друг објект (етажни скици) и фотокопија од катастарски план, потребно е да се издаде потврда за прием на барањето. Од извршениот увид во избраниот примерок на предмети, констатиравме дека потврда за прием на барањето не се издава (издадена е само во еден предмет),
- овластеното лице за шалтерско работење при вршење на наплатата задолжително на ПП 50 уплатница треба да го запише архивскиот број на предметот и да стави свој потпис. Од извршениот увид на предметите во кои надоместокот е платен со уплатница, во 71% од предметите не е наведен архивскиот број на предметот за кој се однесува уплатата,
- со извршениот увид во постапувањето по предметите за пријава за предбележување право на градба, поднесени од страна на **општините**, како професионални корисници преку електронскиот шалтер, ревизијата утврди дека во 3% од ревидираните предмети, од страна на Агенцијата утврден е надоместок кој треба да се наплати од крајниот корисник на услугата, во помал износ од износот кој што е пресметан од страна на општината. Во овој случај Агенцијата го фактурира до општината износот согласно кој е извршено запишување на промени во катастарот на недвижности, кој вообичаено е во помал износ од износот кој општината го пресметала и наплатила од крајниот корисник. Ваквата состојба создава ризик крајните корисници да платат надоместок за извршени катастарски услуги во поголем износ од потребниот. Исто така во склучените

---

[6] Архивски број 1106 - Барање за издавање копии од катастарски план и етажни скици ( извод од катастарски план (со аналоген план и дигитален план), извод од катастарски план со координати од дециметарска мрежа, фотокопија од катастарски план на А4 формат, фотокопија на катастарски план на А3 формат, фотокопија од скица на премерување на внатрешна површина на зграда, посебен дел или заеднички дел од зграда или друг објект (етажни скици)

договори за користење на електронскиот шалтер со општините не се предвидени одредби за контрола на услугите кои ќе се извршуваат преку општините.

- согласно член 36 од ЗКН за користење и увид на податоците од ГКИС се плаќа надоместок, освен кога податоците се издаваат на судовите, јавните обвинителства, државното правобранителство на РМ, министерствата и други субјекти утврдени со закон, за постапките што ги водат по службена должност. При поднесување на ваквите барања, корисникот на услугата се обврзува да го наведе правниот основ по кој е ослободен од плаќање надоместок.

  Од извршениот увид во предметите, ревизијата констатира дека за 9% од ревидираните предмети за кои не се наплаќа надоместок поради постапување по службена должност, не е доставен во прилог правен основ за постапување.

  Имајќи во предвид дека наведените институции поднесуваат и пријави/барања за потреби на трети лица, за кои се плаќа надоместок, ревизијата констатира дека не е можно да се разграничат барањата кои се по службена должност (без надомест) од барањата кои се поднесени за трети лица (со надомест).
- 20% од предметите не се изработени во законски предвидените рокови;
- во 16% од предметите не беше приложен доказ за достава до барателот,
- 48% од предметите не се архивирани во електронскиот шалтер,
- во ниту еден од предметите немаше доказ дека раководителот извршил контрола.

Ваквата состојба не е во согласност со член 30 од Законот за катастар на недвижности со кој се уредува пристапот, дистрибуцијата и издавањето на податоците од ГКИС и влијае на целосната наплата на приходите од извршени катастарски услуги.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за:

- задолжително внесување на износот наплатен со уплатница за извршената катастарска услуга во електронскиот шалтер од страна на вработените лица за барањата поднесени преку физичките шалтери на Агенцијата,
- да продолжи со отпочнатите активности со кои електронскиот шалтер ќе располага со податоци за услугите кои не се платени од страна на професионалните корисници (општините, МФ-Управа за имотно правни работи),
- контрола на бројот на примероци кои се издаваат од електронскиот катастар,

- воспоставување на контрола во постапувањето на професионалните корисници при извршувањето на катастарските услуги кон крајните корисници,
- почитување на интерните процедури на Агенцијата при постапување со предметите.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Дистрибуцијата на податоците од ГКИС во електронска форма, согласно член 31 од Законот за катастар на недвижности, Агенцијата го врши и преку други државни органи, јавни служби и други правни лица, кои податоци ги добиваат во електронска форма потпишана од Агенцијата, врз основа на сертификат издаден од овластен издавач, а на крајните корисници им ги издаваат во писмена форма заверена со сопствен потпис и печат и истите се јавни исправи. Начинот на дистрибуција на овие податоци се уредува со посебен договор кој го склучува директорот на Агенцијата со субјектите.

Агенцијата на крајот на 2017 година има евидентирано салдо од ненаплатени побарувања по основ на извршени катастарски услуги во износ од 34.201 илјади денари. Најголемо учество во ненаплатените побарувања имаат општините со вкупно 32.076 илјади денари или 94% од вкупните побарувања. Општините со најголемо салдо на ненаплатени побарувања на 31.12.2017 година се прикажани на следниот графикон:




Согласно одредбите од склучените договори Агенцијата доставува месечни фактури до општините за поднесените пријави/барања преку е-шалтерот со цел наплата на надоместокот за извршени катастарски услуги согласно пропишаните тарифници на Агенцијата. Општините се обврзуваат фактурите